**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп 1 бр. 11-150**
**31.10.2014 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1 алинеја 1, а во врска со член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги (**„Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14)** и Извештајот од вонредниот програмски надзор на **Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа СКРЕМБЛ ДООЕЛ Ново Село,** бр.11-5267/1 од 30.10.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради реемитување на програмски сервиси со титл на јазик различен од јазикот на кој се оригинално произведени, од страна на **Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа СКРЕМБЛ ДООЕЛ Ново Село**, Директорот на Агенцијата на ден 31.10.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање на мерка - опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, **Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа СКРЕМБЛ ДООЕЛ Ново Село**, заради повреда на член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), сторена на ден 29.10.2014 година, односно поради реемитување на програмските сервиси TV 1000 и Viasat History со титл на бугарски јазик, а програмскиот сервис Viasat Explorer со титл на српски јазик.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на **Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа СКРЕМБЛ ДООЕЛ Ново Село,** веднаш по приемот на ова решение да го усогласи своето работење со член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), односно програмските сервиси што ги реемитува, а се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој се оригинално произведени, да бидат титлувани на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните во Република Македонија.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.

Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 29.10.2014 година, изврши вонреден програмски надзор на програмски сервиси реемитувани во аналогниот програмски пакет на операторот **Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа СКРЕМБЛ ДООЕЛ Ново Село**, при што констатираше дека е направена повреда на член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), на начин што **Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа СКРЕМБЛ ДООЕЛ Ново Село**, реемитувало програмски сервиси на странски радиодифузери со титл на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени. Повредата се состои од реемитување на програмските сервиси TV 1000 и Viasat History со титл на бугарски јазик, а програмскиот сервис Viasat Explorer со титл на српски јазик.

Следствено на тоа, врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1, алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги и Извештајот бр. 11-5267/1 од 30.10.2014, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение за преземење мерка-опомена, со цел усогласување со Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги.

Агенцијата му наложи на операторот програмските сервиси што го реемитува, а се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, да бидат титлувани на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните во Република Македонија и веднаш да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги. Исто така, ќе се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали **Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа СКРЕМБЛ ДООЕЛ Ново Село**, постапило по налогот односно опомената и го усогласило своето работење со член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Доставено до:
- Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа СКРЕМБЛ ДООЕЛ Ново Село;
- Управителот на Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа СКРЕМБЛ ДООЕЛ Ново Село;
- Раководител на Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

До: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

За: д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, Директор



| Примено: | 30. 10. 2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 5267 | 1 | |



Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14 бр.101/14 и бр.132/14), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ВОНРЕДЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**ОПШТО ЗА НАДЗОРОТ:**

Вонредниот програмски надзор во согласност со член 27 став 1, 2 и 4 и член 28 став 1, 2 и 3, а во врска со член 64 став 2, член 141 и член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи во с.Сушица, Ново Село, Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа СКРЕМБЛ ДООЕЛ Ново Село, на ден 29.10.2014 година, од страна на службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**ВИД И ПРЕДМЕТ НА НАДЗОРОТ:**

Вонреден програмски надзор е спроведен на следниве околности: кои програмски сервиси ги реемитува операторот, дали реемитува програмски сервиси за кои немаат потврда издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дали реемитува програмски сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско емитување, како и дали доколку реемитува програмски сервиси што се титлуваат на јазик различен од оригиналниот на тие сервиси има титлови на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20 отсто од граѓаните на Република Македонија.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**КОНСТАТАЦИИ:**

При извршениот вонреден програмски надзор врз операторот, Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа СКРЕМБЛ ДООЕЛ Ново Село, на ден 29.10.2014 година, констатирано е дека овој оператор на подрачјето на с.Сушица и Ново Село, во рамките на аналогниот пакет ги реемитува програмските сервиси Vlasat History и TV 1000 со титл на бугарски јазик, а програмскиот сервис Vlasat Explorer со титл на српски јазик.

**ОПИС НА ПРЕКРШУВАЊЕТО:**

Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа СКРЕМБЛ ДООЕЛ Ново Село, на ден 29.10.2014 година во 13:20 часот, за своите претплатници, во рамките на аналогниот пакет, ги реемитуваше програмските сервиси Vlasat History и TV 1000 со титл на бугарски јазик, а програмскиот сервис Vlasat Explorer со титл на српски јазик, со што постапи спротивно на член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14 бр.101/14 и бр.132/14).

Надзорот врз работата на наведениот оператор на јавни електронски комуникациски мрежи го изврши службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, м-р Владимир Ѓорѓиески.

Извештајот од извршениот контролен програмски надзор врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи на ден 29.10.2014 година во с.Сушица, Ново Село е изработен од м-р Владимир Ѓорѓиески.

Службено лице од АВМУ:

м-р Владимир Ѓорѓиески ____________

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**ПРЕДЛОГ МЕРКИ:**

1. На Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа СКРЕМБЛ ДООЕЛ Ново Село, согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14 бр.101/14 и бр.132/14), да му се издаде решение за преземање на мерка-опомена, со кое ќе му се наложи веднаш да го усогласи своето работење со член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14 бр.101/14 и бр.132/14), односно програмските сервиси што ги реемитува, а се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој се произведени, да бидат титлувани на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните во Република Македонија.

2. По издавањето на решение за преземање на мерка-опомена, да се направи контролен надзор врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи, Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа СКРЕМБЛ ДООЕЛ Ново Село, со цел да се утврди дали истиот постапил по таквото решение упатено од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во спротивно Агенцијата да поведе прекршочна постапка против овој оператор.

   Контролниот надзор да се изврши по доставена повратница од Македонска пошта дека решението е уредно примено од страна на операторот Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа СКРЕМБЛ ДООЕЛ Ново Село

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија.

Прилог (1):

- Извештај од извршен програмски надзор од страна на службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа СКРЕМБЛ ДООЕЛ Ново Село.

Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права